| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Поштар пошта носи... |
| **Содржина на денот** | Пошта |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор на тема колку е важна личната хигиена за нашето здравје. (Кога ќе станеме наутро мора да го измиеме лицето, рацете и забите, мора редовно да се капеме и да ја менуваме валканата облека, рацете посебно мора постојано да ги миеме со сапун и вода). Само така може да останеме здрави и безбедни (сл.1, сл. 2, сл. 3, сл.4). |
| **Активности** | - Обработка на текст „Пошта“.<br>Активностите може да ги започнете со прошетка до блиската пошта, каде ќе го запознаете детето со работата на поштата, поштарот, како испраќаме писма, пратки. Ако не сте во можност да направите прошетка тогаш може да ги разгледате сликите (сл.5, сл.6) и да поразговарате и да го запознаете детето со работата на поштата.<br>Што е писмо, како патува, каде го оставаме писмото- во поштенско сандаче, ако сакаме да испратиме подарок на некои наши пријатели тоа може да го направиме преку пошта, дури и ако нашите пријатели живеат многу далеку, тогаш подароците и пратките ќе патуваат со авион (сл.7, сл.8, сл.9, сл.10)<br>За подобро да разберат децата што е пошта, поштар, писмо и пратки може да им го прочитате текстот „Пошта“ ( слика 11), ќе им го прочитате повеќе пати, ќе ги објасните непознатите зборови и може да поразговарате за содржината на текстот. Ако пак ако сакате да направите поинтересна активност тогаш може да земете кукли и да драматизирате заедно со Вашето дете. Може да ги менувате улогите, текстот, да му дозволите и да го поттикнувате детето да глуми, да измислува и додава зборови и реченици што му се допаѓаат. Активноста може да трае се додека детето има интерес за тоа.<br>На крај понудете му на детето лист од блок и боички за да може да нацрта нешто по своја желба или да го илустрира текстот што го читавте. |